*Овчеполски говор*
*Сопот*

**Настрадин-оџа**

Настрад'ин-'оџа 'имал 'едă$^{а}$н с'ин. И-'оџата и-с'инă$^{а}$т се-пр'авев к'ој от-к'ога п'овечко да-зн'ае и-к'ој 'има п'овечко приј'атели. С'ин-му в'ика: "Ј'а 'имам п'овечко приј'атели". Настрад'ин в'ика: "Ј'а 'имам п'овечко". Д'обро – р'екă$^{а}$л Настрад'ин-'оџа – ч'им 'имаш т'и п'овечко, в'икни-ги да-ги-в'иду к'оји-сă и-д'али ќе-д'ојдев". С'ин-му ч'инал 'абар по-приј'ателите да-д'ојдев, 'арно-ама не-д'ошă$^{а}$л н'икој. Настрад'ин-'оџа р'екă$^{а}$л: "Ј'а ќе-ги-в'икам м'ојите, ќе-в'идеш д'али нема да-д'ојдев". Ст'орил 'абер по-н'еговите приј'атели и-д'ошле св'ите. И-му-р'екоа: "Шт'о н'е-в'икаш, Настрад'ин-'оџа?" А-'он р'рече: "Па-да-се-в'идеме и да-н'е-се-забр'авемо". По-т'оа направ'ил веч'ера, ј'але, п'иле и-си-от'ишле. С'ин-му на-т'оа не-пр'изнал и-п'а се-в'алил. Им'але една-бивол'ица и-'он с'акал да-гу-прод'ава. Настрад'ин-'оџа в'ика: "Ќе-те-изл'ăжев т'ебе и ќе-гу-з'емев џ'абе". Ов'ај н'е-се-пред'аваше и-р'рече: "Ќе-гу-т'ерам на-п'азар". Отер'ал-гу на-п'азар. Прашув'але-га с'ите: к'оўку п'ари ѝ-с'ака, а-'он р'екă$^{а}$л: "иљ'адо гр'оша". С'ите му-вик'але: "Уб'ава-е бивол'ицата, с'амо да-н'е-ѝ-сă 'ушите и р'оговите", и-му-вик'але да-г'и-прес'рече. Т'акој ов'ај г'и-ис'екал 'ушите, р'оговите, н'ог'ите, и-п'осле му-гу-зем'але џ'абе.

Коле Јанев (Јордан Поповски)